ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:12-85/24

Дата: 03.10.2016

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за образование и наука (во понатамошниот текст министерството) на сметката "Полагање стручен испит на приправници" (787-60) за 2015 година.

За финасиските извештаи за 2015 година за сметката Полагање стручен испит на приравници изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за образование и наука за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Проценувањето на приходите содржани во главната книга не е спроведено според сметководственото начело на парично искажување, односно приходите не се признаени во периодот во кој настанале и се наплатени до 31 декември во тековната фискална година, според критериумот на мерливост и расположливост. Наплатата на приходите од полагање на стручен испит на приправниците и за полагање на процената на карактеристиките за подобност со работата со деца и адолесценти во воспитно-образовната дејност се врши без интерен акт со кој ќе се утврди висината на надоместокот на трошоците.

По однос на наведеното, укажуваме дека одговорните лица во министерството треба да преземат активности со кои ќе се обезбеди проценување на приходите согласно сметководственото начело на парично искажување, да се донесат интерни акти со кои точно ќе се утврди висината на надоместокот за полагање на процената на карактеристиките за подобност со работата со деца и

адолесценти во воспитно-образовната дејност, која ќе се базира врз основа на реално направените трошоци.
Во делот останати прашања ревизијата ја истакна системската слабост која се однесува на надоместоците на надворешните членови на испитните комисии за полагање на стручен испит кои не се законски регулирани.

Од страна на одговорните лица на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

**Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 9 и 10 заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за образование и наука на сметката Полагање стручен испит на приравници (787-60), која се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2015 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за образование и наука сметката Полагање стручен испит на приравници (787-60) за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- м-р Абдилаќим Адеми - министер од 27.06.2014 година до 07.04.2016 година и
- м-р Пиштар Лутфиу - министер од 07.04.2016 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Министерството се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финасиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 06.06.2016 до 10.06.2016 година кај Министерство за образование и наука од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на 15.06.2016 година.

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Во текот на 2015 година оставрен е приход во вкупен износ од 1.614 илјади денари, по основ на уплатени средства за полагање на стручен испит (приправнички испит) на приправниците во основните и средните училишта. Од страна на министерот со решение формирани се испитни комисии за полагање на стручен испит за приправници во основните и средните училишта, но не е донесен акт за утврдување на висината на надоместокот на трошоците во постапката за полагање на стручен испит. Ваквиот начин на наплата на приходите, без точно утврдена висина на надоместокот, која ќе се базира врз основа на реално направените трошоци не е во согласност со член 85 став 18 од Законот за основно образование и член 67 став 18 од Закон за средно образование и влијае врз реалноста и објективноста на наплатените приходи по овој основ.

Во текот на ревизијата, министерството има донесено Решение за висината на надоместокот на трошоците во постапката за полагање на стручен испит за основно и средно образование.

3.1.2. Во текот на 2015 година министерството остварило приходи во вкупен износ од 3.468 илјади денари од наплата на надоместок за полагањето на процената на карактеристиките за подобност со работата со деца и адолесценти во воспитно-образовната дејност. Од страна на министерот ангажирани се лиценцирани стручни лица за спроведување на процената на карактеристиките, но не е донесен акт за утврдување на висината на надоместокот на трошоците за процена на карактеристиките за подобност со работата со деца и адолесценти во воспитно-образовната дејност. Ваквиот начин на наплата на приходите без точно утврдена висина на надоместокот, која ќе се базира врз основа на реално направените трошоци не е во согласност

со член 85 став 13 од Законот за основно образование и член 67 став 13 од Закон за средно образование и влијае врз реалноста и објективноста на наплатените приходи по овој основ.

**Препорака**
Одговорното лице во министерството да донесе акт за утврдување на висината на надоместокот на трошоците во постапката за полагање за процена на карактеристиките за подобност со работата со деца и адолесценти во воспитно-образовната дејност.

3.1.3 Со извршениот увид во интерните акти, ревизијата констатира дека од страна на министерството не е извршено ажурирање на Правилникот за начинот и постапката при полагање стручен испит на учител, наставник, стручен соработник и воспитувач во основното училиште и Правилникот за условите и начинот на полагање на стручниот испит на наставниците и стручните соработници во јавните средни училишта кои се од 1996 година. Во вакви услови, министерството работи со подзаконски акти кои не се ажурирани со новите измени и дополнување на законите.

**Препорака**

Одговорните лица во министерството да преземат активности во насока на ажурирање на Правилниците за условите и начинот на полагање на стручниот испит согласно измените и дополнувањето на Законот за основно образование и Законот за средно образование.

## 3.2. Финансиски извештаи

### Биланс на приходи и расходи

3.2.1 Проценувањето на приходите содржани во главната книга не е спроведено според сметководственото начело на парично искажување, односно приходите не се признаени во периодот во кој настанале и се наплатени до 31 декември во тековната фискална година, според критериумот на мерливост и расположливост. Имено, во Билансот на приходи и расходи за 2015 година, искажани се приходи по основ на полагање стручен испит на приправници во износ од 13.003 илјади денари, од кои 5.082 илјади денари се наплатени во тековната година, а останатите претставуваат пренесена состојба на приходите од минати години без притоа да биде користена соодветна приходна сметка што не е во согласност со член 18 од Законот и член 17 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за класификација на приходите и има за ефект несодветно презентирање на остварените приходи и намалување на квалитетот на

информациите кој ги дава финансиските извештаи.

**Препорака**

Одговорните лица во министерството, да преземат мерки во насока на правилно евидентирање и разграничување на приходите по соодветни сметки согласно видот и намената на приходот.

**Основ за изразување мислење**

Вкупниот ефект од изнесениот наод, кој е основ за изразување мислење, во точката 3.2. од овој извештај, а кој се однесува на проценување на приходите содржани во главната книга има за ефект несоодветно презентирање на остварените приходи и намалување на квалитетот на информациите кој ги даваат финансиските извештаи.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањето изнесено во точката 3.2, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за образование и наука - сметка “Полагање стручен испит на приправници” (787-60) на ден 31 декември 2015 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење  за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.1., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерство за образование и наука на сметка “Полагање стручен испит на приправници” (787-60), во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Останати прашања

Министерството, во текот на 2015 година исплатило средства во износ од 724 илјади денари по основ на надоместок за надворешните членови на испитните комисии за полагање на стручен испит на приправници во основните и средните училишта. Надоместокот на надворешните членови на испитните комисии (400 денари за кандидат) се врши според Решението за формирање на испитни комисии и Решението за исплата донесени од министерот,  но истиот не е

предвиден во Законот за основното образование, Законот за средно образование како и во Правилникот за начинот и постапката при полагање стручен испит на учител, наставник, стручен соработник и воспитувач во основното училиште и Правилникот за условите и начинот на полагање на стручниот испит на наставниците и стручните соработници во јавните средни училишта.

За надминување на утврдената состојба ревизијата смета дека е потребно да се направи интервенција во законското решение.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**Сметка за полагање стучен испит на приправници (787-60)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2015 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2015** | **2014** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1** | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1 | 13.003 | 9.837 |
| **Вкупно приходи** | | **13.003** | **9.837** |
| **Расходи** | | | |
| Тековни расходи | **3.2** | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1 | 3.941 | 1.916 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **3.941** | **1.916** |
| **Вкупно расходи** | | **3.941** | **1.916** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **3.3** | **9.062** | **7.921** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА** | | | | |
| **Сметка за полагање стучен испит на приправници (787-60)** | | | | |
| **БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ** | | | | |
| | | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | 2015 | | 2014 |
| **Актива** | | | | |
| **Тековни средства** | **4.1** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 9.062 | | 7.921 |
| **Вкупно тековни средства** | | **9.062** | | **7.921** |
| **Вкупна актива** | | **9.062** | | **7.921** |
| **Пасива** | | | | |
| **Тековни обврски** | **4.2** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1 | 9.062 | | 7.921 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **9.062** | | **7.921** |
| **Вкупна пасива** | | **9.062** | | **7.921** |